ИСОС Република Македонија
Институт на Сметководители
и Овластени Сметководители

**Институт на сметководители и овластени сметководители**
*Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,*
*Скопје, Република Македонија*

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ
СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302/772-009
23.01 2019 год.
СКОПЈЕ

**До:**

Управата за јавни приходи на Р. Македонија

За г-ца Сања Лукаревска

Адреса: „Кузман Јосифовски-Питу“ бр.1

Скопје

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ
ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА
СКОПЈЕ
Примено 23 JAN 2019
Орг. Един.

**ПРЕДМЕТ: БАРАЊЕ**

Почитувани,

Имајќи го во предвид фактот дека во се приближува периодот на доставување на даночни биланси за 2018 година а со цел правилна примена на став (1) од член 20 од Законот за вршење на сметководствени работи во кој јасно е наведено дека покрај уверение од Институтот, неопходно е секој сметководител и/или овластен сметководител да биде евидентиран во регистрите на Институтот **БАРАМЕ** од Ваша страна бидат превземени соодветни чекори при исполнувањето на позитивно правните прописи од Законот за вршење на сметководствени работи и даночните прописи.

Согласно став (1), точка 4 од член 30 од Законот за вршење на сметководствени работи, сметководителот односно овластениот сметководител **се брише** од соодветниот регистар **-доколку не ја плати годишната членарина**. Исто така покрај членарината, секој сметководител односно овластен сметководител **е обврзан да достави и друга документација** (образец дека е во работен однос М1-М2 согласно став (4) член 20 од истиот закон).

Со оглед дека согласно нашата евиденција има голем број на сметководители и овластени сметководители кои не ја имаат исплатено членарината за 2017 година но и за 2018 година, како и поради фактот што некои од нив не се ниту во редовен работен однос, а притоа имајќи ги во предвид надлежностите на Управата за јавни прходи на РМ **бараме** од Ваша страна да биде спроведена контрола при приемот на даночни биланси од страна на сметководители и овластени сметководители, на начин што од секој поединечен сметководител и/или овластен сметководител **покрај соодветно уверение, при поднесувањето на годишните даночни биланси за 2018 година задолжително да Ви биде доставен ( приложен во**

**Институт на сметководители и овластени сметководители**
*Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,*
*Скопје, Република Македонија*

**електронска форма) и доказ -потврда дека е регистриран во соодветниот регистар при Институтот а со цел целосно спроведување на став (1) од член 20 од Законот за вршење на сметководствени работи.**

Доколку имате било какви нејаснотии во однос на начинот на примена на став (1) од член 20 од Законот за вршење на сметководствени работи, **БАРАМЕ** без одлагање да побарате соодветно мислење и од страна на Министерството за Финансии на РМ од причина што овој државен орган согласно **член 42** од Законот за вршење на сметководствени работи е единствениот орган кој спроведува надзор врз примената на истиот закон.

За превземените дејствија Ве молиме без одлагање да ни доставите писмено известување.

Однапред благодарни.

Членови на Управниот одбор,

Орхан Рамадани ________________________

Јован Златевски ________________________